**МЕРИ-КЕЈТ И ЕШЛИ**

МЕГАН СТАЈН

# Д Н Е В Н И Ц И
## П.С. Посакувам Ти Да Беше Тука

ikona

Наслов на оригиналот

**Two of a Kind Diaries**
**P.S. Wish You Were Here**
HarperEntertainment

Автор
**Megane Stine**

Copyright © 2000, Dualstar Publications

Translation Copyright © 2009, за македонското издание, ИКОНА

Превод од англиски
Димитар Симоновски

Лектура
Никола Мадешовски

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.111(73) (02.053.2) - 31

СТАЈН, Меган
П. С. Посакувам ти да беше тука / Меган Стајн ; превод од англиски
Димитар Симоновски. - Скопје : Икона, 2009. - 110 стр. ; 21 см

Превод на делото: P. S. Wish you were here / Megan Stine

ISBN 978-9989-168-30-7
I. Stine, Megan види Стајн, Меган

SOBISS.MK-ID 76370954

**МЕРИ-КЕЈТ И ЕШЛИ**

# ДВА многу значајни дневници

## P.S. ПОСАКУВАМ ТИ ДА БЕШЕ ТУКА

**Меган Стајн**

ikona

ДРУГИ НАСЛОВИ ОД СЕРИЈАТА
МЕРИ-КЕЈТ И ЕШЛИ:

**- СОВРШЕНО ЛЕТО -**

**- КАКО СО МОМЧИЊАТА
ПРИРАЧНИК ЗА ДЕВОЈКИ -**

**- ИНСТАНТ ДЕЧКО -**

**ПОГЛАВЈЕ 1**

# *Сабота*




Драг Дневнику,

Ова е толку многу необично. Не можам да поверувам дека седам сосема сама, тука, во мојата соба во Академијата Вајт Оук . И сакам да кажам, тотално сама. Фиби, мојата цимерка, е долу по скалите, работејќи на проект по поезија со една другарка. Сите други девојки се дружат во салонот за учениците. Или пак, тие се во библиотеката, преправајќи се дека учат.



Довидување Мери-Кејт

Па така, јас сум сама со себе. Целосно сама.

БЕЗ МЕРИ-КЕЈТ!!!

Аха. Тоа е големата новост, Дневнику. Мери-Кејт замина пред еден час. Можеш ли да поверуваш? Таа појде дома! Тато дојде за да ја земе и летнаа со авион назад во Чикаго. Остатокот од годината таа ќе ја помине во нашето старо училиште, со сите нејзини другари.

Па, еве ме тука сум, се врткам тажна околу Пор-

тер Хаус. Среде Њу Хемпшир.

Без мојата сестра - близначка.

Додека гледав како Мери-Кејт и тато влегуваат во оној автомобил за да појдат на аеродром, мојот стомак потскокнуваше. Како Мери-Кејт можеше да ме остави тука?, се прашав себеси. Ние никогаш не сме биле одвоени повеќе од една ноќ. Никогаш.

Но, на Мери-Кејт навистина ѝ недостасуваа нејзините стари другари дома - а посебно нејзиниот бејзбол тим.

Освен тоа, претпоставувам дека го заслужив тоа, по она што ѝ го сторив. Пишувањето за мојата сестра во колумната за трачеви во весникот Вајт Оук не беше баш најфината работа што некогаш сум ја сторила.

Всушност, тоа беше прилично подло.

На скала од еден до десет, при што десет е најподлото...

Добро - десет.

Што ли си мислев, Дневнику? Не, почекај малку. Не давај одговор на тоа! Ти ги знаеш сите мои тајни. Значи, ти знаеш што мислев! Мразам да признаам, но претпоставувам оти си мислев дека ќе бидам повеќе популарна ако во мојата колумна ставам некои навистина сочни нешта.

Како на пример, на целиот свет да му кажам во кого е затрескана Мери-Кејт.

Но, се премислив. Се сеќаваш, Дневнику? Немав

намера тој натпис да биде објавен. Напишав друга колумна и ја замолив Дејна Волетски, уредникот, да ја употреби наместо првата. Но, Дејна во секој случај ја испечати првата верзија. Сето тоа беше една голема грешка!

Подобро кажано, огромна грешка.

„Знаеш дека ми е жал“, ѝ кажав на Мери-Кејт додека таа ја подигаше својата торба во багажникот од автомобилот. „Јас никогаш немав намера работите да излезат така.“

„Знам“, рече Мери-Кејт местејќи еден прамен од русата коса зад своето уво. „Ајде повеќе да не зборуваме за тоа, добро?“

Од изразот на нејзините очи можев да видам дека таа се обидуваше да ми прости. Дури и се смиривме на извесен начин. Ние две се однесувавме совршено љубезно една кон друга.

Но, Мери-Кејт сепак си заминуваше.

Таа заврши со ставањето на торбите во багажникот. Потоа влезе во автомобилот со тато и си замина.




Во еден миг посакав да потрчам по автомобилот и да викнам: „Чекај! Ќе појдам дома со тебе!“

Но, вистината е: јас обожувам да бидам тука, во Академијата Вајт Оук.

Па така, само гледав како автомобилот исчез-

нува помеѓу дрвјата. Потоа поитав во Портер Хаус, растреперена. Иако беше април, надвор сепак беше прилично студено.

„Дали некој сака да прави топло чоколадо со мене?", прашав провирајќи ја главата во салонот.

Никој не одговори.

„Имам маршмалоу", се обидов да ги ставам во искушение.

Немаше одговор. Алиса и Венди беа зафатени со играње видео игра. Фиби ми се насмевна, а потоа и се врати на својата книга со поезија. А Кристин е на диета. Таа едноставно преврте со очите.

Па така, си направив шолја какао и неволно појдов во мојата соба.

Што ќе правам без Мери-Кејт, Дневнику?

Претпоставувам дека мошне набргу ќе дознаам. Сакам да кажам, не оти се чувствувам јадно. Ја обожувам Академијата Вајт Оук . И иако Мери-Кејт си замина, сè уште ја имам мојата цимерка, Фиби. Таа и јас ќе пишуваме колумна за училишниот весник.

(Овојпат тоа не е озборувачка колумна, сепак. Тоа е колумна за мода. Нели тоа ќе биде необично? Сакам да кажам, Фиби е фина, но таа сè уште ги носи оние стари, демоде облеки. Претходната недела купи еден стар волнен капут, со крзнена јака. Остава влакна полошо отколку некоја мачка. Си мислам да почнам да го хранам).

Како и да е, го имам и мојот добар роднина Џереми кој е во соседното училиште, Харингтон . Па

така барем е непречена мојата врска со светот на момчињата!

(Кога сме веќе кај момчињата - Ау! Морам да му пратам и - мејл на моето момче, Рос Ламберт. Немам зборувано со него цели пет дена. Едноставно, бев толку многу зафатена!)

Но, да се вратиме назад кон големиот проблем, Дневнику. Јас ќе бидам во ред без Мери-Кејт, нели?

Мојот стомак штотуку направи уште едно превртување.

Главата горе, Ешли. Престани да се грижиш за Мери-Кејт. Таа си замина. А ти сега си оставена сама на себе.

Освен тоа, си ветивме дека ќе се јавуваме една на друга. И дека ќе си праќаме и-мејлови. Значи, нема тотално да бидеме надвор од контакт.

И мразам да го споменувам ова, но штотуку го забележав мојот распоред за домашни задачи. Тој е закачен на мојата табла. За само неколку дена имам должност да направам рецензија на книга за часовите по англиски јазик кај госпоѓа Блумберг. А јас сум решена да го зацврстам добриот впечаток што го имам кај неа - нејзе всушност ѝ се допадна мојот последен есеј. Веќе ја прочитав книгата. Ја избрав *Старецот и морето*. Сега, сè



*Старецот, морето и многу големата риба*

што треба да сторам е да започнам да ја пишувам рецензијата.

Дали кажав сѐ што требаше да кажам?

Да ги разгледаме фактите! Госпоѓа Блумберг ни кажа оти нашите рецензии треба да бидат долги најмалку пет страници, без правописни или какви било грешки. Ни треба силна тема. И треба целосно да објасниме каде е пресвртната точка во книгата.

Ау!

Морам да побрзам, Дневнику. Подобро веднаш да се зафатам со работа!

**ПОГЛАВЈЕ 2**

# *Недела*

Драг Дневнику,




Е па, го сторив тоа. Вчера јас се вратив во Чикаго. Тоа со сигурност беше чудно летање од Вајт Оук до дома, без Ешли. Само јас и тато во авионот, цело време. Е, тоа ти се вика долг пат!

Тато се обиде да започне разговор, но јас баш и не го слушав.



„Па, што велиш за Кабс?", ме праша тој.

Тато знае дека сум тотално навлечена на спорт. Јас сум закоравен навивач на клубовите од Чикаго: Кабс, Берс, Булс. Сè што ќе ви текне. Ако тоа е некакво животно и игра со каква било топка за Чикаго, јас сум таму.

„Тие го изгубија својот последен натпревар", промрморев зјапајќи надвор низ прозорецот, кон облаците.

„Да, но само затоа што судијата беше слеп", рече тато.

„Слеп?", му реков јас муртејќи се. „Дали тоа не го прави неподобен за судија?"

Тато втренчено гледаше во мене. „Тоа е само метафора", ми рече.

„Ох.", сè уште го слушав со половично внимание. „Така е."

„Мери-Кејт, дали има нешто што сакаш да ми кажеш?", ме праша тато. Тој звучеше навистина загрижено.

Одмавнав со главата.

Како би можела да му го кажам тоа што ми се моташе во главата?

Дека Ешли и јас имавме голема расправија. И дека работите помеѓу нас сè уште не беа на најдоброто ниво.

Еве ја вистината. Една од причините зошто го напуштив Вајт Оук беше поради тоа што го стори Ешли.

Но, не можев да му го кажам тоа на тато. Не без да ја поткажам. И без да направам Ешли да изгледа како себичен предавник, каква што навистина е!

Добро, отидов предалеку.

Но, Ешли навистина ме повреди кога напиша за мене во трач - колумната во Ејкорн. Што требаше да направам? Да ѝ пратам писменце со благодарност?

Претпоставувам дека сум сè уште прилично растревожена - иако таа ми се извини. Сакам да кажам, нејзе дефинитивно ѝ е жал. И знам дека тоа беше